

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**26 јан - 2 фев 2026 Билтен бр. 620**

# СОВЕТНИЦИТЕ ГО ИЗГЛАСАА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ

**Во рамки на седмата седница на Советот на Општина Карпош, советниците расправаа и полноважно одлучуваа за 32 точки кои се најдоа на денешниот дневен ред. По деталната информација која им беше презентирана од страна на општинските служби, претставниците на Советот со мнозинство гласови го усвоија Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на локалната самоуправа, за четвртиот квартал за 2025 година. Во образложението на овој документ се прикажани вкупните планирани приходи кои изнесуваат 1.872.582.953 денари, како и реализираните приходи за четвртиот квартал од 2025 година кои изнесуваат 1.533.995.339 денари.**

**Советниците го усвоија Годишниот Извештај за работата на Единицата за внатрешни работи (ЕВР – „Карпош“) за 2025 година, за Полициската станица од општа надлежност „Карпош“. Во продолжение на седницата, членовите на Советот ги усвоија сите 17 Извештаи за реализација на Програмите за работа на општинските Сектори за 2025 година, како и Програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2026 година. Со истата динамика беа усвоени минатогодишните Извештаи за доделување на финансиска поддршка за поправка, санација на постоечки и поставување на нови лифтови во зградите, како и Извештајот за 2025 година за доделување на субвенции за санација на покриви на колективните станбени објекти и замена на старите азбестни покриви на индивидуалните домови во Карпош.**

**Советниците дадоа „зелено светло“ за Предлог – Правилниците за условите, критериумите, видот и начинот според кој локалната самоуправа во 2026 година ќе субвенционира финансиски средства за санација на постоечки и поставување на нови лифтови во зградите, како и за санација на покриви на зградите и замена на азбестни покриви на куќите. Поддршка од Советот доби и Правилникот во кој се детерминирани условите, начинот и постапката, според која Општина Карпош ќе доделува еднократна парична помош за поплава и пожар. Советниците ја изгласаа и Одлуката за изменување и дополнување на Статусот на Општина Карпош, во кој се брише стариот член 4 и на негово место се додава нов член со кој се утврдува дека, локалната самоуправа е правно лице со седиште на улица „Никола Русински“ бр. 11.**



# УЧЕНИЦИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ПРОЕКТ ВО ПОСЕТА КАЈ ЛУКРОВСКИ

Основците од „Владо Тасевски“ и учениците од збратименото училиште Гесамтшуле Дуизбург-Мите од Германија, во придружба со наставниците од двете училишта, денеска беа во пријателска посета на Општина Карпош. Оваа средба се одржа како дел од образовната размена помеѓу двете збратимени училишта, која се реализира од 2025 година. Станува збор за самостоен меѓународен – образовен проект, кој минатата година го иницираа четири наставнички од основното училиште „Владо Тасевски“ од општина Карпош.

Во рамки на општинската зграда, градоначалникот Сотир Лукровски, Секретарот на Општината доц. д-р Мирјана Пехчевска Поп-Илиева и претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов ги пречекаа учениците и наставниците од Карпош и Дуизбург. Во оваа пригода гостите направија обиколка на административниот објект, при што одблизу се запознаа со начинот на кој функционира локалната самоуправа. Веднаш потоа беше одржана работна средба со учениците и наставниците во Салата во која се одржуваат седниците на Општинскиот Совет. На состанокот присутните поведоа дискусија во врска со улогата и поддршката која ја нуди Општина Карпош во основното образование, за имплементирање на процесот на дигитализација и за позитивните искуства и практики кои произлегуваат од меѓународната училишна размена.

Во насока на поавтентичен пристап кон едукативната пракса, административците од Карпош организираа симулација на седница на Советот, во која директно беа инволвирани учениците од збратимените училишта. На овој начин основците непосредно учествуваа и учеа за улогата и значењето на Општинскиот Совет, за соработката со органите на локалната самоуправа и за вклучување на граѓаните во процесот на креирање на локалните политики.

Инаку, оваа иницијатива претставува важен чекор во зајакнување на меѓукултурната соработка, надградување на јазичните познавања и вештини, како и создавање на пријателски врски меѓу младите Македонци и Германци. Во тој контекст, денешната посета овозможи учениците и наставниците да разменат драгоцени искуства, да учат едни од други и да градат пријателства во духот на европската соработка и разбирање, јакнејќи ги на тој начин универзалните граѓански вредности.

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЕКТИ ОД СПОРТОТ

**Јавен оглас за Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош**

https://shorturl.at/RT3jW



# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРОЕКТИ ОД КУЛТУРАТА

**ЈАВЕН ОГЛАС за Еднократна парична помош за проекти од културата**
**https://shorturl.at/6jKIf**

**ЈАВЕН ОГЛАС за Еднократна парична помош за културни активности на млади уметници**
**https://shorturl.at/osi5T**

